

*Универзална сала или "Борис Трајковски", организаторите на "Златна Бубамара" деновиве ќе одлучат каде ќе се одржи шоуто.- Сашко Коцев на ланската манифестација*

**ПОЗНАТОТО ШОУ СЕ СЕЛИ ОД УНИВЕРЗАЛНА ВО "БОРИС ТРАЈКОВСКИ"?**

# Пет илјади резервации за билети за "Златна Бубамара"

Пет илјади билети се резервирани за 17. по ред "Златна Бубамара на популарноста", која ќе се одржи на 19 февруари во Скопје.

Поради тоа, од тимот на радио "Бубамара" размислуваат дали од Универзалната сала каде што се одржува години наназад, да го преместат шоуто во поголема сала, а можно е тоа да биде арената "Борис Трајковски", со цел да го гледа повеќе публика.

"Преку мрежата на ̀Мк тикетс ́, веќе има 5000 резервации за билети, а тој капацитет го нема во Универзалната сала. Затоа сè уште размислуваме дали оваа година да ги жртвуваме магијата и интимната атмосфера на Универзалната сала, а со промена на локацијата во поголема сала да овозможиме шоуто да го гледаат повеќе луѓе", велат од тимот на "Златна Бубамара", и додаваат оти конечната одлука ќе падне деновиве. Дополнително ќе биде објавен датумот кога стартува продажбата на билетите и продажните места.

Сценариото и гостите и годинава се држат во тајност, а мотото е веќе познато и е во сатиричниот стил на шоуто "Од пари се живее, не од воздух". ***(М.Ц.)***

# Хуманитарен концерт во Крива Паланка



В сабота во Крива Паланка ќе се одржи хуманитарен концерт, во организација на здружението "Хендикеп плус". Концертот ќе се одржи на роденденот на трагично починатата ѕвезда Тоше Проески и затоа е насловен како "Чекориме по твојот пат. Оттаму велат дека средствата се наменети за социјално загрозени семејства во Македонија. На концертот ќе учествуваат многу пејачи, чиј список сè уште се комплетира. Водител е Хелена Роза. Концертот почнува во 19 часот, а ќе се одржи во Домот на културата во Крива Паланка.

*Хелена Роза*

МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ

Кирил Џајковски

14 ЧАСА - Современ балет



24.01 (петок) Б
20:00 часот

чувството... во живо

Кореограф: Игор Киров, Режија и либрето: Наташа Поплавска,
Костимограф: Александар Ношпал
Настапуваат: Александра Мијалкова, Наташа Јосифовска, Саша Евтимова, Билјана Басмаџиева, Ангела Велевска, Васил Чичијашвили (Грузија), Бобан Ковачевски, Игор Веланоски, Јан Кисилев, Агим Бафтиии, Трајче Стојковски

Билетите можете да ги резервирате и купите: Билетарница тел: 02/3118 – 451
Online продажба на билети на: www.mob.com.mk